Врз основа на член 149 став 4 од Законот за здравствена заштита (Службен Весник на РМ бр..43/2012, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и Службен Весник на РСМ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21 и 150/21, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22 и 199/23), и Службен Весник на РСМ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21 122/21, 178/21 и 150/21, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22 и 199/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно мрежата на здравствените установи (2023-2026) (Служнен весник на РСМ бр. 28/2025), Одлуката од Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје бр.02-3146/3 од 25.11.2025 година, а во врска со Огласот за одобрување на специјализации и супспецијализации (државни) објавени од страна на Универзитет "Св Кирил и Методиј" – Стоматолошки факултет – Скопје објавен на ден на ден 18.11.2025 година, Универзитетски стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" Скопје објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**За упатување на супспецијализации на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Стоматолошки факултет - Скопје**
**на доктори на стоматологија специјалисти вработени во ЈЗУ УСКЦ "Свети Пантелејмон" Скопје**

1. Согласно Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно мрежата на здравствените установи (2023-2026) (Служнен весник на РСМ бр. 28/2025), **за 2025 година** се објавува интерен оглас за:

- **една (1) специјализација од областа орална имплантологија**
- **две (2) супспецијалзиации од областа ендодонција и ендодонтска хирургија**

2. **Општи услови** потребни за одобрување на супспецијализации:

Здравствените работници кои ќе поднесат барање за одобрување на супспецијализации, треба да ги исполнуваат условите согласно член 141 од Законот за здравствена заштита, односно да имаат:

- Завршен стоматолошки факултет;
- Завршено пробна работа и положен стручен испит;
- Лиценца за работа.

3. Посебни услови за упатување на супспецијализација:

Покрај наведените услови, за запишување на супспецијализација по **орална имплантологија**, потребно е кандидатот да има завршена специјализација и положен

специјалистички испит на една од соодветните гранки на специјализација и тоа: орална хирургија, максилофацијална хирургија, стоматолошка протетика или пародонтологија.

Покрај наведените услови, за запишување на суспецијализација по ендодонција и ендодонтска хирургија, потребно е кандидатот да има завршена специјализација и положен специјалистички испит на една од соодветните гранки на специјализација и тоа: орална хирургија или ендодонција и реставративна стоматологија.

4. Потребни документи:

Кандидатите кои ќе се пријават на интерниот оглас треба да ги достават документите со кои се докажува исполнетоста на условите, заверени на нотар.

5. **Критетиуми** за упатување на здравствени работници на суспецијализација се:

- 40% од бодовите за просечниот успех на кандидатот постигнат во високото образование;
- 20% од бодовите за успехот по предметот во областа од која се доделува суспецијализацијата;
- 20% од бодовите кандидатите добиваат за должината на работното искуство;
- 20% од бодовите кандидатите добиваат за работа во областа во која ќе суспецијализира.

Рокот за пријавување на кандидатите за обавување на специјализација е 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас на огласната табла и на Веб страната на ЈЗУ на ЈЗУ УСКЦ.

Молбите со потребните документи се доставуваат во архивата на ЈЗУ УСКЦ "Свети Пантелејмон" Скопје.

Одлуката со избраните кандидати ќе биде објавена на Огласната табла и на Веб страната на ЈЗУ УСКЦ и доставена до Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Стоматолошки факултет - Скопје.

**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР**
**"СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН"**
**СКОПЈЕ**

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА * INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETËSOR
СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН * SHËN PANTELEJMONI
Скопје / Shkup